СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08-456/2

18.02.2025 година

К и ч е в о

**З А П И С Н И К**

Од одржаната 45-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 18.02.2025 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот

Седницата во 10 часот ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Дренуше Далипи, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Валентина Лазаревска, Бојан Стојкоски, Иванчо Божиноски, Виктор Алексоски, Сибел Туфекџи, Абдула Сејдини, Фортеса Сејдини, Арѓент Асани, Рамазан Зулбеари, Неџби Дервиши.

Отсутни беа советниците: Валбона Адили Емини, Миѓен Зендели и Ќамер Клоси.

На седницата беа присутни и: Анета Настеска- Секретар на општината, Валдет Селими, Бурим Кадриу, Фисник Фејза и Дарко Белески -претставници од општинската администрација, директорот на ОУ ,,Кузман Јосифоски - Питу" Кичево, директорката на ОУ,,Христо Узунов" с.Другово како и новинар од ТВ ,,Ускана".

**Претседателот на советот**- Ги поздрави присутните и го стави на усвојување Записникот од 43-та седница на советот одржана на 26.12. 2024 г. и праша дали има некој забелешка за него.

**Валентина Лазареска**-Информира дека има забелешка кај нејзиното излагање во 23-та точка од дневниот ред на 20 страна од записникот и тоа: наместо ,,акутна тема" , треба да стои ,,актуелна тема" за заштита на менталното здравје.

Потоа, **Претседателот на советот** го стави на усвојување Записникот од 43-та седница на советот одржана на 26.12. 2024 г и истиот се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Претседателот на советот** го стави на усвојување и Записникот од 44-та седница на советот одржана на 23.01.2025 г. и истиот се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

За оваа седница **Претседателот на советот** го предложи следниот:

**<u>Д Н Е В Е Н Р Е Д</u>**

1.Предлог Програма за работа на Советот на Општина Кичево за 2025 г.
2.Квартален извештај на Општина Кичево за четвртиот квартал од 01.01.2024 до 31.12.2024 г.

3.Предлог Одлука за измена и дополна на Одлуката за реализација на Буџетот на Општина Кичево за 2025 г.

4. Предлог Одлука за измена и дополна на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2025 год.

5.Предлог Програма за Локален економски развој (ЛЕР) на Општина Кичево за 2025 год.

6.Предлог Програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја во Општина Кичево за 2025-2029 г.

7.Предлог Одлука за давање користење просторија на Стопанска Комора на РСМ.

8.Предлог Одлука за меѓуопштинска соработка.

9.Предлог измена и дополна на годишниот план за вработување на ОУ,,Христо Узунов“ Другово за 2025 год.

10.Предлог Финансиски План за 2025 г. во ЦОУ ,,Кузман Јосифоски-Питу“Кичево.

11.Предлог Одлука за измена и дополна на ДУП за нас. ,,Подварош УЕ,,А“ Блок,,А,, , Блок ,,А 12,,-дел 1.

12. Предлог Одлука за изработка на УП вон населено место, со намена А 4, 3-викенд куќи, на КП. бр.4741, КО Кичево вон г.р. на место викано Караманица, Општина Кичево.

13.Разно.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот Дневниот ред за оваа седница и истиот се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Се премина на:

**1.ПРВА ТОЧКА**: Предлог Програма за работа на Советот на Општина Кичево за 2025 г.

**Валдет Селими**- Информира дека оваа Програма за работа на советот се носи за прв пат на совет, а должноста за нејзиното донесување следува како резултат на членот 36 од Законот за Локална самоуправа и седмото поглавје од Деловникот на советот и тоа член 138 од Деловникот. Содржината во програмата била за два временски периоди и тоа: периодот од јануари до јуни и од јуни до декември. Истакна дека доколку некој има предлози, програмата може да се дополни.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за работа на Советот на Општина Кичево за 2025 г. и истата се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**2.ВТОРА ТОЧКА**: Квартален извештај на Општина Кичево за четвртиот квартал од 01.01.2024 до 31.12.2024 г.

**Бурим Кадриу**- Информира дека во Извештајот детално е преставена реализацијата на буџетот и тоа приходите, расходите, долговите и накрај реализацијата на програмите. Истакна дека кај приходите има реализација од 93% и имало зголемување од 5% од предходната година. Кај даночните приходи 106% реализација или 12% зголемена од лани. Блок дотациите

имаат реализација од 99%. Кај расходите има реализација од 97,4% и имало зголемување од лани. Потоа детално објасни за тоа. Кај основниот буџет реализацијата била 98%. Во врска со долговите на општината информира дека долгот бил за долгорочниот заем од 19 милиони и 11 милиони кон различни субјекти со кои општината имала склучено договори.

**Претседателот на советот** информира дека Комисијата за финансии и буџет не се одржала поради немање на кворум, бидејќи бил присутен само претседателот на комисијата, а потоа го стави на усвојување Кварталниот извештај на Општина Кичево за четвртиот квартал од 01.01.2024 до 31.12.2024 г. и истиот се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**3. ТРЕТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за измена и дополна на Одлуката за реализација на Буџетот на Општина Кичево за 2025 г.

**Бурим Кадриу**- Информира дека во Одлуката која била донесена на предходната седница имало пропусти на кои им укажале од Министерството за финансии и потребно било таа одлука да се измени. Во член 9 од таа одлука став 1 алинеја 1 зборовите коефициентот,,3,2“ да се замени со 2, 47“ и во член 13 став 1 алинеја 1 зборовите во ,,последните три месеци“ да се сменат со зборовите ,,во последната година“.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за измена и дополна на Одлуката за реализација на Буџетот на Општина Кичево за 2025 г. и истата се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**4.ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за измена и дополна на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2025 год.

**Бурим Кадриу**- Информира дека и во Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2025 г. која се донесе на минатата седница имало пропусти во утврдувањето на вредноста на бодот на кои им е укажано од министерството и потребно било да се

измени. Така во член 1 од Одлуката ,,2024“ г. се заменува со ,,2025“ г. а текстот ,,зголемена за 10%  по Одлуката на Владата за зголемување на платите во јавниот сектор која важи од месец Септември 2023 г. и зголемено за 0,7 % според Општиот колективен договор во јавниот сектор, се брише.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за измена и дополна на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2025 год. и истата се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема).  ВОЗДРЖАНИ (нема).

**5. ПЕТТА ТОЧКА**: Предлог Програма за Локален економски развој (ЛЕР) на Општина Кичево за 2025 год.

**Дарко Белески**- Информира дека лани се каснело со програмата, затоа сега била истата програма и потребно било да се направи анекс на програмата со додавање на соодветни реченици за родова застапеност.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување  Предлог Програмата за Локален економски развој (ЛЕР) на Општина Кичево за 2025 год. и истата се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**6.ШЕСТА ТОЧКА**: Предлог Програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја во Општина Кичево за 2025-2029 г.

**Валдет Селими**- Информира дека таа точка била разгледана на комисија и правен основ ова програма имала во Законот за Локална самоуправа. Потоа, детално ја образложи програмата наведувајќи дека таа е составена од два дела и тоа првиот дел бил  за одржување на постоечките спомен-обележја, а вториот дел за подигање на нови споменици. Истакна дека таа треба да се усвои со бадинтер.

**Абдула Сејдини**- Информира дека во програмата имало грешка во врска со подигањето на споменик на Скендербег во ,,Кале“. Требало во програмата да се напише враќање на тој споменик таму, бидејќи тој бил еден од првите споменици кои биле поставени таму. Истакна дека тоа требало да биде внесено во програмата која се донесе на минатата седница. Програмата

требало да ги помине сите филтри, да се примени и бадинтер и тие како советници да бидат модел за заедничко владеење на сите. Не требало тука да се прават етнички делби,туку да дадат порака дека се подржуваат нашите херои од општината, исто така и бистите на Скендербег и Сулејман Елези.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја во Општина Кичево за 2025-2029 г. и истата не се усвои со 9 гласа ЗА. 11 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

**7.СЕДМА ТОЧКА**: Предлог Одлука за давање користење просторија на Стопанска Комора на РСМ

**Секретарот на општината**- Информира дека согласно Законот за користење на ствари во опшествена сопственост и член 50 од Законот за Локална самоуправа општината стварите кои се во нејзина сопственост може да ги дава на користење. Се работело за давање на просторија 15м2 со 25м2 на користење без надоместок на Стопанската комора која веќе била сместена таму извесен период.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за давање користење просторија на Стопанска Комора на РСМ  и истата се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**8.ОСМА ТОЧКА**: Предлог Одлука за меѓуопштинска соработка

**Секретарот на општината**- Информира дека согласно Законот за меѓуопшинска соработка и согласно програмата на ЛЕР, било направена соработка на повеќе општини за формирање Јавно регионално претпријатие за комунален отпад. По донесувањето на Одлуката ќе се формирало комисија која ќе ја спроведува понатаму постапката.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлука за меѓуопштинска соработка и истата се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Претседателот на советот даде пауза од 5 минути. По паузата седницата продолжи.

**9.ДЕВЕТА ТОЧКА:** Предлог измена и дополна на годишниот план за вработување на ОУ,,Христо Узунов“ Другово за 2025 год.

**Директорката**- Информира дека по вторпат го доставува планот за вработување кој сега бил корегиран, бидејќи не се реализирало вработувањето на работното место благајник.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог измената и дополната на годишниот план за вработување на ОУ,,Христо Узунов“ Другово за 2025 год. и истата се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**10.ДЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог Финансиски План за 2025 г. во ЦОУ ,,Кузман Јосифоски-Питу“Кичево

**Директорот**- Информира дека Финансискиот план им е доставен и доколку има некој прашање во врска со него, тој е тука да одговори.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Финансискиот План за 2025 г. во ЦОУ ,,Кузман Јосифоски-Питу“ Кичево и истиот се усвои со 11 гласа ЗА. 3 гласа ПРОТИВ . 5 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**11. ЕДИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за измена и дополна на ДУП за нас. ,,Подварош УЕ,,А“ Блок,,А,, , Блок ,,А 12,,-дел 1

**Претседателот на комисијата** Арѓент Асани го прочита Извештајот од одржаната седница на Комисијата за јавни и комунални дејности, урбанизам и заштита на животна средина и предложи Одлуките да се усвојат.

**Фисник Фејза**- Информира дека доколку некој бара појаснување тој ќе објаснел.

**Иванчо Божиноски**- Информира дека тој дел бил под заштита на споменици. Праша дали е тргната заштита, дали за тоа имало документ и до колку имало тој документн требало да се достави до советниците.

**Фисник Фејза**- Информира дека на седница на Комисиаја се разгледало и се видело дека тој објект не е повеќе под заштита и доколку сакаат за тоа ќе им доставел документ.

**Иванчо Божиноски**- Информира ако била тргната заштитата, тогаш требало до советниците да достават имотен лист за да се уверат, но сега ќе верувале и на тоа.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување  Предлог Одлуката за измена и дополна на ДУП за нас. ,,Подварош УЕ,,А" Блок,,А,, , Блок ,,А 12,,- дел 1 и истата се усвои со 14 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**12.ДВАНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Одлука за изработка на УП вон населено место, со намена А 4, 3-викенд куќи, на КП. бр.4741, КО Кичево вон г.р. на место викано Караманица, Општина Кичево

**Фисник Фејза** - Информира дека парцелата бр.4741 била надвор од Генералниот урбанистички план и се одело со урбанистички план да се вклопи. Се работело само за објекти за домување- викенд куќи од еден кат.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за изработка на УП вон населено место, со намена А 4, 3-викенд куќи, на КП. бр.4741, КО Кичево вон г.р. на место викано Караманица, Општина Кичево  и истата се усвои со 14 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**13. ТРИНАЕСЕТА ТОЧКА:** Разно

Претседателот на советот ги прочита пристигнатите барања.

1.Барање од Здружение на родители на деца со пречки во развојот ,,Надеж" од Кичево сместено во Другово за трајно владение на објектот на поранешната Општина Другово, кој објект е во фаза на реновирање од страна на здружението.

Претседателот на советот информира барањето да се достави до надлежните служби за да се разгледа.

2.Барање за реализација на летен камп, 2025 година

За да се реализира летниот камп од страна на мировниот корпус и извидничкиот одред ,, Мирко Милески“ и тој да биде бесплатен за деца од 6-14 години се бара финансиска помош од општината во износ од 8 илјади долари.

Претседателот на советот информира барањето да се достави до Кабинетот на Градоначалникот.

Претседателот на советот информира дека во материјалите за седница имале доставени и извештај од Комисијата за спорт.

Абдила Сејдини- Ја поздрави комисијата и информира дека во тој Извештај немало етничка поделба, Комисијата за спорт не им делела средстава на клубовите според етникуми и се надева дека така ќе продолжи да работи и понатаму.

Валентина Лазаревска-Информира дека не е проследено едно барање поднесено од жителите од стамбена зграда на улица ,,Мито Јовески“ бр.5 за решавање на проблем со нивелацијата на бекатон плочки и до каде е реализацијата.

Претседателот на советот одговори дека тоа барање било разгледано на минатата седница и е одлучено да се реализира.

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен и дневниот ред за оваа седница, Претседателот на советот ја затвори седницата во 11 часот и 30 минути.

Совет на општина Кичево

Записничар — Претседател

Ленче Србиноска — Скендер Џабири